Врз основа на член 19 став 2 точка 2 од Законот за Јавни претпријатија(Службен весник на РМ" бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" Управниот одбор на седницата одржана на 13.12.2024 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-1705/6
13.12 2024 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА
## за усвојување на
## Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година

**Член 1**

Се усвојува Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а се применува од денот на добивање на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

-----------------------------------

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

# ПРОГРАМА

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 01-176/2
13.12 2024 год.
СКОПЈЕ

# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје , Декември 2024 година

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**ПРОГРАМА Ј7-одржување на други зелени површини**

ПРОГРАМА

За одржување на зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази за 2025 година

**1.Вовед**

Програмата Ј7 го уредува видот,обемот,начинот,динамиката на извршување на активностите одржувањето на зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба, начинот на финансирање на Програмата и надзорот за нејзино спроведување.

**1.2 Одржување на јавното зеленило**

Под терминот ,,Одржувањето на јавното зеленило во Општина Гази Баба,, подразбираме поголем број на активности кои се однесуваат на :

-уредување на паркови, јавни зелени површини, дрвореди, тревници, зеленилото покрај сообрајќајниците, зелени површини на станбени згради, јавни установи(здравствени, воспитни, едукативни и др. површини за рекреација, игралишта, излетнички места, шеталишта.

-подигнување односно садење, одгледување и обновување на зеленилото

-заштита на зеленилото од оштетување,болести и штетници

-косење на зелените површини

-чистење на зелените површини

-одржување на сите вградени уреди,како и инсталациите и урбаната опрема кои се наоѓаат на зелените површини и нивна заштита од оштетување

-одржување и чистење на патеките во зелените површини.

-Одржување на зеленилото во Основните Општински училишта на територијата на Општина Гази Баба врз основа на склучени договори,и одржување на фудбалските терени на територијата на Општината и други спортско рекреативни центри.

Во урбаниот дел на Општина Гази Баба само еден дел од зеленилото е во надлежност на ЈП Паркови и зеленило на Град Скопје и тоа зеленилото на магистралните патишта,собирните улици како и зеленилото кое со проектна документација е предадено на ЈП Паркови и зеленило на Град Скопје

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**2.Цели и задачи на Програмата**

Цел на Програмата за одржување на јавно зеленило на јавните површини во општината е неговото тековно одржување, со помош на ангажирање на луѓе, алат, опрема и прибор а се со цел подобрување на квалитетот на живеење на населението.

Во своето работење ЈКП Гази Баба 2007 се стреми да биде вистинскиот сервис на граѓаните на Општина Гази Баба. Со секој изминат ден преку ангажирање на сезонски работници, набавка на нова механизација како и осовременување на постоечката нашето претпријатие опфаќа се поголем дел од територијата на општината кој ќе биде предмет на понатамошно одржување. Па така оваа година имаме зголемување на опфат на површина од околу 7 %.

**3.Јавни површини кои ќе бидат третирани со оваа Програма**

Општина Гази Баба ја сочинуваат:

*Седум населени места во урбан дел на Општина Гази Баба: Железара, Автокоманда, Керамидница, Триангла, Маџари, Хиподром и Ченто.

*Петнаесет населени места во руралниот дел на Општина Гази Баба:Раштак, Булачани, Црешево, Виниче, Смилковци, Стајковци, Страчинци, Брњарци, С.Сингелиќ, Инџиково, Трубарево (Ергеле), Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово (со дрма) и Нова Колонија.

Цела оваа површина бара континуирано и систематско следење и третирање со што би се подобрила моменталната состојба со јавното зеленило на јавните површини во нашата Општина.

**3.1 Урбани дел**

Во населените места Железара, Автокоманда, Керамидница, Триангла, Маџари, Хиподром и Ченто ќе бидат третирани површините кои согласно законските прописи: Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002)и Закон за Град Скопје (Службен весник на РМ бр.55/2004) се надлежност на Општина Гази Баба . ЀВо овој дел од општината по потреба ќе бидат ангажирани и надворешни соработници.

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**3.2 Рурален дел**

Во руралниот дел на општината ќе бидат третирани површините во населено место Раштак, населено место Булачани, населено место Црешево, населено место Виниче, населено место Смилковци, населено место Брњарци, населено место Страчинци, населено место Стајковци, населено место Сингелиќ, населено место Инџиково, населено место Ергеле, населено место Трубарево, населено место Гоце Делчев, населено место Јурумлери, населено место Нова Колонија, населено место Идризово, и населено место Дрма.

**4.Активности и организираност за реализација на Програмата**

Активностите за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година,согласно досегашното искуство од предходните години се поделени во 4 групи во урбаниот дел и 2 групи во руралниот дел и тоа:

*Четири групи стационирани во Урбаниот дел и тоа:

- Група 1.Железара,(седиште Железара)
- Група 2 Автокоманда,Керамидница(седиште во Автокоманда)
- Група 3 Ченто,Сингелиќ Инџиково(седиште во Ченто)
- Група 4 Маџари,Хиподром,Триангла и Вардариште(седиште во Маџари).

*Две групи стационирани во Руралниот дел и тоа:

- Група 5 .Група на потегот:Ергеле-Дрма (седиште во Нова Колонија)
- Група 6 .Група на потегот:Стајковци-Раштак(седиште во Црешево)

**5.Потребни ресурси за реализација на Програмата**

За тековно одржување на и подигнување на зеленилото на територијата на Општина Гази Баба, ќе бидат ангажирани редовно вработени лица во ЈКП ГАЗИ БАБА, како и максимално 120 лица кои се сезонски ангажирани, согласно Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработените лица од страна на Општина Гази Баба.

Начинот на ангажирање на лицата преку ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 подразбира засновање на работен однос на определено или неопределено време со што овие лица ги уживаат сите права кои произлегуваат од Законот за работни односи.

Степенот на стручна подготовка за извршување на овие активности е дефиниран со Правилникот за организација и систематизација на работни места во ЈКП ГАЗИ БАБА-2007.

**Алат и прибор**

Јавното комунално претпријатие располага со доволен број на алати, машини и средства наменети за косење како и друга опрема за одржување на јавното зеленило (тримери, косилки, телескопски пили, тракторчиња за косење и друго) Она што најмногу внимаваме е истите постојано да се обновуваат и редовно да се сервисираат со цел да нема застој во работењето.

**За реализација на Програмата потребно е :**

За поефикасна реализација на Програмата се планира набавка на 5 тримери, 1 телескопска пила, 1 моторна пили, 3 дувалки и друг алат и опрема кој е потребен за непречено одвивање на активностите од страна на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје.

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

Финансиска конструкција на програмата за одржување на зелени површини

ПРОГРАМА Ј7-одржување на други зелени површини

**6.Финансиска конструкција за реализација на Програмата (Ј7)**

| | |
|---|---|
| 1.Други материјали | |
| 1.1 Гориво и мазива | 4.000.000,00 ден |
| 1.2 Бои и лакови, алат и опрема | 1 500 000.00 ден |
| 2.Одржување на други зелени површини | |
| 2.1 материјали за хортикултурно уредување | 2 500 000,00 ден |
| 2.2 Косилки тримери и резервни делови и потрошен материјал | 1 500 000,00 ден |
| 2.3 Одржување на јавни зелени површини и одржување на хигиена на јавни површини и други комунални услуги | 1 200 000.00 ден |

**ВКУПНО:1+2 = 10 700 000,00 денари.**

**Финансирањето на Програмата ќе се обезбеди од:**

- **Буџетот на Општина Гази Баба**
- **Договори со ООУ и други физички и правни лица**
- **Други средства утврдени со закон.**

**7.Надзор при реализирање на Програмата**

Надзорот за спроведување на оваа Програма ќе се врши од страна на овластено лице од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

ЈКП ГАЗИ БАБА-2007
В.Д. Директор
Игор Атанасовски

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје